

ВРЕМИЊА, НАСТАНИ, ЛУЃЕ — ВО ИЗБОР НА Д.Д. ТАКЕЦ

# ЖЕЛЕЗНИОТ СТЕФАН РОЛЕВ (1865-1970)

*Стефан Анастасов Ролев, роден во село Врбени, Леринско, со основно, прогимназијално и гимназијално образование во Битола, е можно истакната фигура од Илинденскиот период. Учителствуваше во Битола, Лерин и Солун по предметите: гимнастика, хигиена и географија. Прв е атлетичар, гимнастичар и демонстрант на боксот во Македонија. Уште поголем е како револуционер и борец, за што заслужи насловот „Војвода Бигленски и Лерински“. Знаеше да направи бомби и слични пеколни машини. На градите му кршеа камен, свиткуваше железо, дури во 1911 година намеруваше да го дигне во воздух султанот Решад V при неговата посета во Битола. Меѓутоа, го спречија поразумните сили на Организацијата, со претпоставка дека Битола, потоа, ќе настрада. Во своите старечки години во Битола беше познат како Дедо Роле, љубимец на децата и младината и вечен раскажувач за „македонското дело“. Еве што меѓудругото забележав во еден наш разговор: „Бев терорист, ја пренесов бомбата по тајниот ходник до Отоман банка, комита, војвода и мировен судија за нашето население. Го ликвидирав Али Черкезот наречен „Лерински тиранин“, потоа злогласниот Ибраим, наречен „крволок“. Турците ме нарекоа „човек-ѕвер“. Оти, бев многу силен, вистински гладијатор, бестрашен и ризичен тип, склон кон авантури. За Македонија жив во оган ќе влезев, ако тоа Организацијата ми го нарадеше. Но, истовремено ги проучував фискултурните системи на Англија, Швајцарија, Шведска, Данска, Норвешка, Полска, и Чехословачка. Давав јавни-слатски приредби со учениците за Битолчани... Мислам дека мојот живот корисно го одживеав, ставајќи го на олтарот на Македонија.*

Железниот Стефан Анастасов Ролев ( Stefan Rolev ), бил роден во 1865 година во селото Екши-су (Горно Врбени ) Леринско, Беломорскиот дел од Македонија.

Бил учесник во Илинденското востание и во ослободителните борби на Македонскиот народ од поилинденскиот период, во кој бил познат како „Војвода Бигленски и Лерински“. Знаел да приготвува пеколни машини како и бомби.

Покрај неговите револуционерни дела Стефан Ролев имал извонредни физички предиспозиции, поради што бил наречен и „Железниот Ролев“, тој изведувал настапи каде од градите кршел камен, потоа виткал железо и слично. Се занимавал со: гимнастика, акробатика, атлетика,кревање на товар, пеливанство, бокс, велосипедизам, мотоциклизам и планинарство.

Откако еден период пропатувал низ Европа и САД, се враќа во Македонија каде најпрво во Лерин во 1908 година основа гимнастичарско друштво „Бигленски јунак“, а потоа и во Битола „Пелистерски јунак“.

Во 1911 година приготвил атентат на султанот Решад V при неговата посета на Битола, но таа негова намера била спречена од повидни луѓе во Организацијата кои не сакале крвопролевање на невини жртви во Битола, како одговор од турските сили.

Стефан Ролев старечките години ги поминал во Битола каде беше љубимец на децата и младината, познат како „Дедо Роле“ често знаел да раскажува за доживувањата од неговиот живот.

Во едно интервју е забележана следната негова изјава:

„Бев терорист, ја пренесов бомбата по тајниот ходник до Отоман банка, комита, војвода и мировен судија за нашето население. Го ликвидирав Али Черкезот наречен `Лерински тиранин` , злогласениот Ибраим наречен `крволак`. Турците ме нарекоа „човек – ѕвер“. Оти бев многу силен, вистински гладијатор, бестрашен и ризичен тип, склон кон авантури. За Македонија жив во оган ќе влезев, ако тоа Организацијата ми го наредеше. Но истовремено ги проучував фискултурните системи на Англија, Швајцарија, Шведска, Данска, Норвешка, Полска и Чехословачка. Давав јавни –атлетски приредби со учениците за Битолчани... Мислам дека мојот живот корисно го одживеав, ставајќи го на олтарот на Македонија.“

Почина во Битола на 24 декември 1969 година кога имал преживеано 104 години и 131 ден.

ВЕЧНА МУ СЛАВА.